**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**



# АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ НА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ЗА 2018 ГОДИНА

# СОДРЖИНА

**ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС ........ 10**

**КОМЕРЦИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ ........ 17**

Терестријални телевизии на државно ниво ........ 18
Сателитски телевизии ........ 23
Телевизии на државно ниво преку ОЈКМ ........ 27
Телевизии на регионално ниво ........ 32
телевизиите на регионално ниво ........ 34
Телевизии на локално ниво ........ 38

**КОМЕРЦИЈАЛНИ РАДИЈА ........ 43**

Радиостаници на државно ниво ........ 44
Радиостаници на регионално ниво ........ 47
Радиостаници на локално ниво ........ 53

# ВОВЕД

Агенцијата веќе неколку години изработува редовни годишни анализи на пазарот. Првата ваква анализа беше изработена во 2007 година и се однесуваше на претходните три години (2004, 2005 и 2006 година), а оттогаш наваму, за да се обезбедат сеопфатни сознанија за состојбите во телевизиската и во радиската индустрија, секоја година се изработува анализа за претходната година.

Во оваа Анализа се обработени податоците за економското работење на јавниот радиодифузен сервис и комерцијалните телевизии и радија во 2018 година. Овие податоци ги доставија самите радиодифузери, на посебен образец пропишан од страна на Агенцијата, што претставува и нивна законска обврска утврдена во членот 15 од Законот за медиуми. Работењето на радиодифузерите е анализирано во рамките на релевантниот пазар на којшто тие припаѓаат, па оттука засебно е анализирано економското работење на субјектите на телевизиската индустрија, а засебно на субјектите на радиската индустрија. Во рамките на овие две глави, а согласно релевантните географски пазари засебно е анализирано работењето на субјектите кои емитуваат програма на државно, регионално и локално ниво.

Податоците за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици се обезбедени од истражувањето коешто во 2018 година го спроведе агенцијата „Маркет Вижн" од Скопје. Анкетирањето се спроведуваше квартално, со примена на CATI методата (телефонско интервју со помош на компјутер), на статистички репрезентативен примерок од 9600 испитаници.

## РЕЗИМЕ

**Табела 1: Клучни наоди**

| | Вкупни приходи | Приходи од реклами | Вкупни трошоци | Резултат од работењето | Просечен број на вработени во рро |
|---|---|---|---|---|---|
| **Македонска радио телевизија** | **949.93** | **34.33** | **971.03** | **-26.02** | **818** |
| **Комерцијални телевизии** | **1,357.08** | **1,203.95** | **1,419.56** | **-69.48** | **1,080** |
| ТВ на државно ниво-терестријални | 1,063.85 | 981.09 | 1,024.88 | 32.70 | 572 |
| ТВ на државно ниво преку сателит | 92.40 | 66.78 | 125.85 | -33.45 | 123 |
| ТВ на државно ниво преку ОЈКМ | 100.45 | 78.20 | 145.59 | -45.54 | 181 |
| ТВ на регионално ниво | 77.02 | 60.68 | 90.70 | -13.98 | 157 |
| ТВ на локално ниво | 23.36 | 17.20 | 32.54 | -9.21 | 47 |
| **Комерцијални радиостаници** | **144.64** | **107.78** | **146.93** | **-1.41** | **191** |
| РА на државно ниво | 54.98 | 32.87 | 53.75 | 0.80 | 35 |
| РА на регионално ниво | 51.54 | 41.70 | 51.67 | -0.51 | 58 |
| РА на локално ниво | 38.12 | 33.21 | 41.51 | -1.70 | 98 |

### *Број на радиодифузери*

На почетокот од 2018 година, освен Македонската радио-телевизија, програма емитуваа уште 128 комерцијални радиодифузери (58 телевизии и 70 радиостаници). Во текот на годината престанаа да ја вршат дејноста осум радиодифузери (ТВ Нова од Скопје, ТВ Телеканал А1, ТВ Канал еден, ТВ Сител 3, ТВ Лажани, ТВ Орбис, ТВ Канал Три и РА Слободна Македонија), а беа доделени две нови дозволи за телевизиско (Телевизија 3 и 1 ТВ) и една за радио емитување (РА 102-ка ФМ). Вкупниот број на комерцијални радиодифузери на крајот од годината изнесуваше 123 (53 телевизии и 70 радиостаници).

### *Вкупни приходи*

Приходите што заедно ги оствариле радиодифузерите во 2018 година изнесувале 2.451,65 милиони денари. 38,75% од овој износ биле приходи на јавниот сервис, 55,35% на комерцијалните телевизии и 5,90% на комерцијалните радиостаници.

Слика 1: Вкупни приходи во индустријата во 2018 година




Од година во година приходите во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија се во опаѓање. Во споредба со претходната година тие бележат пад од 6,03% и воедно се најниски приходи во последните пет години.

Слика 2: Вкупни приходи во индустријата во последните пет години




Приходите на МРТ се намалиле за 87,56 милиони денари, односно за 8,44%, на комерцијалните телевизии за 64,24 милиони денари (за 4,52%) и на комерцијалните радиостаници за 5,39 милиони денари (за 3,60%).

Слика 3: Движење на вкупните приходи на МРТ и комерцијалните радиодифузери во последните пет години



Во структурата на приходите, најголем дел се приходи од рекламирање, односно 54,91% од вкупните приходи во индустријата. 36,16% се приходите на МРТ кои се префрлаат од Буџетот на РМ за финансирање на радиодифузна дејност, а 8,93% се приходи остварени по различни основи.

**Слика 4: Структура на приходите во индустријата во 2018 година**




## *Приходи од рекламирање*

Приходите од реклами коишто заедно ги оствариле сите радиодифузери изнесувале 1.346,06 милиони денари. Од нив 34,33 милиони денари биле приходите на Македонската радио-телевизија, 1.203,95 милиони денари на комерцијалните телевизии и 107,78 милиони денари на комерцијалните радиостаници.

**Слика 5: Приходи од рекламирање во 2018 година**




Во секоја од последните пет години нивното учество во вкупните приходи е над 50%. По 2014 година, највисоко е учеството во тековната година (54,91%).

**Табела 2: Учество на приходите од реклами во вкупните приходи во последните пет години**

| Приходи во индустријата | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | 3.176,74 | 3.102,26 | 2.910,15 | 2.608,84 | 2.451,65 |
| Приходи од реклами | 1.753,14 | 1.691,40 | 1.507,55 | 1.383,61 | 1.346,06 |
| **Учество на приходи од реклами во вкупните приходи** | ***55.19%*** | ***54.52%*** | ***51.80%*** | ***53.04%*** | ***54.91%*** |

Во споредба со претходната година, приходите од рекламирање бележат пад за 2,71%. Комерцијалните телевизии ги намалиле овие приходи за 41,87 милиони денари (3,36%), комерцијалните радиостаници за 4,92 милиони денари (4,36%), а Македонската радио-телевизија ги зголемила за 9,25 милиони денари (36,88%).

## *Вкупни трошоци*

Трошоците кои заедно ги направиле сите радиодифузери во 2018 година изнесувале 2,537.52 милиони денари, од кои 971,03 милиони денари биле трошоците на МРТ, 1,419.56 милиони денари на комерцијалните телевизии и 146,93 милиони денари на комерцијалните радиостаници.

**Слика 6: Вкупните трошоци во индустријата во последните пет години**




Во последните пет години трошоците на МРТ во континуитет се намалувале. Во споредба со претходната година тие се намалиле за 5,60%. Комерцијалните телевизии во последните пет години потрошиле речиси ист износ, со мала флуктуација од година во година. Во тековната година, трошокот на комерцијалните радиостаници бил најнизок од 2014 година до сега и изнесувал 146,93 милиони денари.

**Слика 7: Движење на вкупните трошоци на МРТ и на комерцијалните радиодифузери во последните пет години**




### *Финансиски резултат од работењето*

На крајот на годината, финансискиот резулат од работењето на сите три сегменти на индустријата - јавниот сервис и комерцијалните телевизии и радија бил негативен, односно загуба во износ од 96,91 милиони денари. Македонската радио-телевизија за прв пат по пет години прикажала загуба од работењето.



# ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС



Вкупните приходи на Македонската радио-телевизија[1] во анализираната година изнесувале 949,93 милиони денари.

Ова е најмал износ на приходите на јавниот радиодифузен сервис во периодот од последните шест години - од 2013 година наваму, секоја следна година јавниот сервис располагал со сé помалку и помалку средства. Во 2018 година вкупните приходи биле за 37,82% пониски отколку во 2013 година.

Се до септември 2017 година МРТ се финансираше од радиодифузна такса. Дотогаш, повеќе пати беа изменети законските решенија кои се однесува на начинот на пресметување на висината на радиодифузната такса, на начинот на плаќање на оваа обврска, како и на субјектите кои се обврзници за плаќање радиодифузна такса.

**Слика 8: Финансирање на МРТ (2008-2018 година)**




До август 2008 година, износот на радиодифузната такса се пресметуваше во висина од 2,5% од просечната нето месечна плата за претходните три месеци – на ваков начин утврдена таа изнесуваше околу 350,00 денари. Со измените од август 2008 година, се утврди фиксен износ на таксата и таа изнесуваше 130,00 денари, а пет години подоцна, исто така со измени на законот, висината беше зголемена на 190,00 денари. Покрај висината, во овој период се менуваше и начинот на кој обврзниците ја плаќаа таксата

[1] Податоците за економското работење на МРТ се обезбедени од Годишниот извештај за реализација на Програмата за работа на МРТ за 2018 година, кој е достапен на следниот линк: http://mrt.com.mk/sites/default/files/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%B7%D0%B0%202018%D0%B3.%20.pdf

– најпрво преку сметката за електрична енергија, потоа директно на сметката на јавниот сервис, па подоцна обврската за наплатата ја презеде Управата за јавни приходи.

Во септември 2017 година, беше укината обврската за плаќање радиодифузна такса и се предвиде дека МРТ ќе се финансира од државниот буџет, и тоа најпрво беше предвидено за финансирање на МРТ, АВМУ и МРД да се издвојуваат 0,5% од буџетот, а со измените од декември 2018 година помеѓу 0,8 и 1% од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот.

Во 2018 година, средствата од државниот буџет на сметката на јавниот сервис се префрлуваа со задоцнување, а во првите седум месеци од 2019 година се исплатени за околу 20% помалку отколку со закон предвидениот износ од 0.8% од реализираните вкупни приходи во претходната фискалната година.

Многу е важно да се посочи дека ниту една од овие законски измени – ни утврдувањето на фиксните износи од најпрво 130,00 денари, па потоа 190,00 денари, ниту пак процентуалните износи од Буџетот, не произлегоа од некаква сериозна економска анализа со која би се проценило колку средства реално му се потребни на нашиот јавен сервис за да ги исполнува функциите на вистински јавен сервис. Агенцијата уште во 2012 година, во Стратегијата за развој на дејноста за периодот 2013 – 2017 година, посочи дека ваква анализа е нужна и дека тоа е единствен начин на јавниот сервис да му се обезбедат доволно средства за тој воопшто да може да обезбеди континуитет во остварувањето на своите функции. Досега, таква анализа не е изработена.

Резултатите од сите овие законски решенија се сосема јасно видливи на сликата бр.8 – финансиската состојба на македонскиот јавен радиодифузен сервис од година в година се влошува.

Слика 9: Движење на вкупните приходи на МРТВ во последните шест години



Во анализираната година на сила беше законското решение од 20.09.2017 година, според кое во членот 135 од ЗАВМУ беше предвидено дека за покривање на трошоците за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој на јавниот радиодифузен сервис, за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и за работа на АВМУ, ќе се одвојуваат 0,5% од Буџетот на Република Македонија (овој член со измените од 31.12.2018 година беше избришан).

Во 2018 година, од државниот буџет на сметката на МРТ биле префрлени 886,55 милиони денари, што претставува 93,33% од вкупните приходи.

Приходите од јавни средства (радиодифузна такса и средства од државниот буџет) отсекогаш биле најзначен дел од вкупните приходи на МРТ. Од структурата на приходите во изминатите пет години (табела бр.3) видно е дека намалувањето на вкупните приходи на јавниот сервис, во најголема мера се должи токму на намалувањето на приходите од јавни средства.

**Табела 3: Структура на приходите (според финансиските извештаи на МРТ)**

| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| Средства за финансирање на радиодифузна дејност од Буџетот на РМ | - | - | - | 149.00 | 886.55 |
| Закупнина | 0.87 | 0.77 | 0.39 | 0.38 | 0.28 |
| Приходи од Владата на РМ за финансиска поддршка на МРТ согласно Законот на ААВМУ | 240.00 | 240.00 | 280.00 | 240.00 | 0.00 |
| Радиодифузна такса | 858.53 | 844.52 | 803.08 | 586.15 | - |
| Приходи од услуги во земјата | 4.59 | 4.24 | 4.29 | 3.80 | 4.13 |
| Приходи од странство (технички услуги, отстапени права) | 1.47 | 1.49 | 1.27 | 5.83 | 0.27 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики, отпишани обврски, приходи од минати години), дополнително утврдени приходи од претходни години, донации и сл. | 68.61 | 19.55 | 35.03 | 13.84 | 19.57 |
| Приходи од наплата на судски спорови | 0.00 | 0.05 | 0.03 | 0.00 | 0.01 |
| Приходи од Министерство за култура согласно Законот за поддршка на македонската музичка продукција | 5.96 | 23.25 | 18.60 | 7.12 | 4.79 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 49.22 | 25.56 | 44.23 | 25.08 | 34.33 |
| Приходи од Буџетот на РМ (Министерство за информатичко општество) член 92став 10 од Законот за ААВМУ | 0.00 | 2.25 | 0.00 | 6.29 | 0.00 |
| Приходи од донации, продажба на програма и услуги | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Приходи од Владата на РМ за финансиска поддршка за реализација на процесот на дигитализација на РА и ТВ програмата | 97.09 | 122.50 | 2.91 | 0.00 | 0.00 |
| **Вкупно:** | **1,326.34** | **1,284.18** | **1,189.83** | **1,037.49** | **949.93** |

Во 2017 година, овие приходи изнесувале 975,15 милиони денари (од нив 149,00 од средствата за финансирање на радиодифузната дејност, 586,15 од радиодифузната

такса која се собираше до септември 2017 година и 240,00 средства од државниот буџет префрлени за финансиска поддршка). Во 2016 година, по оваа основа јавниот сервис осварил приходи во износ од 1.083,08 милиони денари (803,08 од радиодифузна такса и 280,00 од буџетот), во 2015 година - 1.084,52 милиони денари (844,52 од радиодифузна такса и 240,00 од буџетот), во 2014 година – 1.098,53 милиони денари (858,53 од радиодифзна такса и 240 од буџетот) и во 2013 година – 1.176,89 милиони денари (936,89 од радиодифузна такса и 240 од буџетот).

**Слика 10: Движење на приходите од јавни средства на МРТВ од во последните шест години**




Јавните средства се најзначаен извор на финансирање на јавните радиодифузни сервиси во Европа. Според податоците од публикацијата „Финансирање на јавните медиумски сервиси“[2] што во 2017 година ја издаде Европската радиодифузна унија, во 2016 година 78.8% од средства на јавните медиумски сервиси доаѓале од јавни средства (64,5% од таксата и 14.30% од јавни фондови).

**Слика 11: Финансирање на јавните сервиси**




Приходот од продажба на времето за рекламирање изнесувал 34,33 милиони денари, односно 3,61% од вкупниот приход во тековната година. Целиот износ е остварен само

[2] Извештајот е достапен на: https://www.ebu.ch/files/live/sites/ebu/files/Publications/MIS/login_only/funding/EBU-MIS_Funding-of-PSM-2017-Public.pdf

од емитување на реклами на телевизиските програмски сервиси, а воопшто не биле остварени приходи од емитување рекламни спотови на радиските програмски сервиси.

Останатите деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики, отпишани обврски, приходи од минати години, дополнително утврдени приходи од претходни години, донации и сл.) на крајот од анализираната година изнесувале 19,56 милиони денари, што претставува 2,06% од вкупниот остварен приход во анализираната година. Во структурата на приходите на Јавниот радиодифузен сервис влегуваат и други ставки, меѓутоа нивното учество е незначително, и тоа: приходи од услуги во земјата и странство со 0,50%, приходи од Министерство за култура согласно Законот за поддршка на македонската музичка продукција, исто така со 0,50% и приходите од изнајмување на деловен простор со 0,03%.

Во 2018 година, вкупните трошоци на МРТ изнесувале 971,03 милиони денари што е за 5,60% помалку од претходната година.

**Табела 4: Структура на трошоците на МРТ**

| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци на вработени | 355.61 | 402.59 | 403.47 | 389.67 | 370.47 |
| Патни трошоци | 7.09 | 9.20 | 8.05 | 9.45 | 5.77 |
| Заеднички трошоци | 480.84 | 423.82 | 381.04 | 398.30 | 431.56 |
| Програмски права | 202.87 | 225.86 | 246.42 | 178.00 | 123.47 |
| Останати трошоци од работењето | 216.20 | 139.77 | 72.94 | 52.90 | 39.76 |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 15.23 | 18.01 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| **Вкупни трошоци:** | **1,277.84** | **1,219.25** | **1,111.92** | **1,028.32** | **971.03** |
| Набавка на опрема | 8.16 | 4.63 | 18.45 | 8.86 | 6.51 |
| **Вкупни расходи:** | **1,286.00** | **1,223.88** | **1,130.37** | **1,037.18** | **977.54** |

Намалувањето на вкупните расходи се должи на намалувањето на трошоците за вработените (за 19,20 милиони денари) – вкупниот број на вработени се намалил за 27 лица, патните трошоци (за 3,68 милиони денари), програмските права (за 54,53 милиони денари), останатите трошоци од работењето (за 13,14 милиони денари), како и на средствата издвоени за набавка на опрема (за 2,35 милиони денари).

„Заедничките трошоци" се единствената ставка којашто се зголемила во споредба со претходната година, и тоа за 8,35% и изнесувале 431,56 милиони денари. Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за: потрошен материјал, канцелариски материјал, телефонски трошоци, енергија, аудио и видео линии, амортизација на основни средства, осигурување и други.

Во 2018 година трошокот за вработените изнесувал 370,47 милиони денари. Најголем дел од нив биле бруто плата за вработените (368,35 милиони денари).

Трошокот за програмски права изнесувал 123,47 милиони денари. Од нив, за откуп на права за пренос на спортски настани биле потрошени средства во износ од 60,97 милиони денари и тоа за пренос на Лига на шампиони во ракомет, СЕХА лига во ракомет,

ЗОИ 2018 година, Светско првенство во фудбал – Москва 2018 година, Роланд Гарос – тениски натпревари, ФИФА – Светски куп и слично. За откуп на права за емитување филмови од најразлични жанрови, серии, цртани филмови и слично биле остварени трошоци во износ од 5,37 милиони денари. За откуп на програма од независни продуценти биле издвоени 8,33 милиони денари. Средства во износ од 43,69 милиони денари биле потрошени за реализација на копродукциски проекти, заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на македонски документарни филмови и серијали и др.

Групата „останати трошоци", во која спаѓаат трошоците за авторски договори, трошоците за интелектуални услуги, за технички услуги и слично изнесувале 39,76 милиони денари.

Најмалку средства биле потрошени за патни и транспортни трошоци (5,77 милиони денари), од кои 4,77 милиони денари за превоз, дневници и ноќевања за службени патувања во земјата и странство.

Финансискиот резултат од работењето на Македонската радио-телевизија во 2018 година бил загуба од 26,02 милиони денари.

**Слика 12: Финансиски резултат на МРТ во последните пет години**




Бројот на вработени на 31.12.2018 година изнесувал 818 лица, што претставува намалување за 27 лица во споредба со истиот период во претходната година.

## КОМЕРЦИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ



## Терестријални телевизии на државно ниво

Петте телевизии кои емитуваат програма на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс во 2018 година оствариле вкупни приходи во износ од 1,063.85 милиони денари, што претставува благ пад во однос на приходите од претходната година. Од 2015 година наваму, заедничките вкупни приходи на овие пет телевизии во континуитет се намалувале.

**Слика 13: Вкупни приходи на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години**




Во споредба со 2017 година, освен ТВ Алфа, чии приходи се повисоки за 35,45%, останатите четири телевизии бележат опаѓање на приходите во однос на претходната година, и тоа: ТВ Алсат-М за 1,07%, ТВ Сител за 4,29%, ТВ Телма за 4,35% и ТВ Канал 5 за 8,51%.

**Табела 5: Вкупни приходи и стапка на раст на вкупните приходи на петте телевизии на државно ниво**

| ТВ | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2017/2018 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Алфа | 162.71 | 197.11 | 134.43 | 104.70 | 141.82 | 35.45% |
| ТВ Алсат-М | 164.25 | 166.06 | 170.81 | 158.36 | 156.67 | -1.07% |
| ТВ Канал 5 | 276.86 | 291.86 | 206.94 | 205.62 | 188.13 | -8.51% |
| ТВ Сител | 538.29 | 541.80 | 473.38 | 451.84 | 432.45 | -4.29% |
| ТВ Телма | 92.22 | 101.02 | 115.53 | 151.37 | 144.79 | -4.35% |

92% од вкупните приходи на овие пет телевизии биле остварени од продажба на времето за рекламирање и телешопинг.

Приходите од реклами биле речиси единствен извор на приход на три телевизии, и тоа на: ТВ Алсат-М, која од рекламирање остварила 92,04% од вкупните приходи, ТВ Канал 5 – 93,81% и ТВ Сител – 96,11%. Приходите од рекламирање што ги остварила ТВ Алфа претставувале 87,64% од вкупните приходи на оваа телевизија, а приходите на ТВ Телма – 83,20%.

**Табела 6: Структура на приходите на терестријалните телевизии на државно ниво**

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 981.09 | 92.22% |
| Спонзорства | 0.00 | 0.00% |
| Продажба на содржини | 11.07 | 1.04% |
| Приходи од услуги обезбедени од трети страни | 6.25 | 0.59% |
| Останати приходи | 64.14 | 6.03% |
| **Приходи од основна дејност** | **1,062.55** | **99,88%** |
| Приходи од други дејности | 1.10 | 0.10% |
| Вонредни приходи | 0.20 | 0.02% |
| **Вкупно приходи** | **1,063.85** | **100.00%** |

При пресметувањето на учеството на секоја телевизија во вкупните приходи од рекламирање на овој сегмент од телевизискиот пазар, предвид се земени и приходите што по овој основ ги остварила Македонската телевизија, со оглед на тоа дека во овој дел од работењето, таа се јавува како субјект на овој релевантен пазар.

Најатрактивна телевизија за огласувачите била ТВ Сител, која остварила највисоки приходи од реклами (415,64 милиони денари). Приходот на ТВ Канал 5 изнесувал 176,49 милиони денари, а на ТВ Алсат-М 144,20 милиони денари. ТВ Алфа и ТВ Телма оствариле приближно ист износ (124,29 милиони денари, односно 120,47 милиони денари).

**Слика 14: Удел на терестријалните телевизии на државно ниво во приходите од рекламирање**




Во овие износи се вклучени и приходите од емитување јавна пропаганда за време на референдумот. Петте телевизии по овој основ заеднички оствариле 26,50 милиони денари, од кои најмногу ТВ Сител (7,25 милиони денари), а најмалку ТВ Алфа (1,60 милиони денари). Приходот на ТВ Алсат-М по овој основ изнесувал 6,59 милиони денари, на ТВ Телма - 5,60 милиони денари и на ТВ Канал 5 - 5,46 милиони денари.

Во 2018 година, вкупните трошоци на терестријалните телевизии изнесувале 1.024,88 милиони денари. Тие бележат минимален пад во споредба со претходната година за 0,17%.

**Слика 15: Вкупни трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години**




ТВ Канал 5 потрошила 8,01% помалку во споредба со претходната година, ТВ Телма за 2,40%, а ТВ Алсат-М 0,75% помалку отколку во 2017 година. Останатите две телевизии ги зголемиле трошоците и тоа: ТВ Алфа за 5,67% и ТВ Сител за 3,47%.

И оваа година највисоки трошоци направила ТВ Сител (412,95 милиони денари, односно 40,29% од вкупните трошоци на овие пет телевизии).

**Слика 16: Движење на вкупните трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години**




Најголем дел од вкупните трошоци биле директни трошоци за создавање на програмата (66,46%), а од нив пак најмногу биле издвоени за набавка на програма (329,46 милиони денари).

За набавка на програма ТВ Сител потрошила повеќе средства отколку останатите четири телевизии заедно (179,25 милиони денари). ТВ Канал 5 набавила програма за 66,57 милиони денари, ТВ Телма за 44,88 милиомни денари, ТВ Алсат-М за 20,41 милиони денари, а најмалку средства за купување програма потрошила ТВ Алфа – 18,43 милиони денари.

Ова е единствен сегмент од телевизиската индустрија каде што најголем дел од трошоците се за купување на програма. Сите останати (телевизиите на државно ниво што емитуваат преку неограничен ресурс, регионалните и локалните телевизии) најмногу средства потрошиле за плати и други надоместоци за вработените.

Трошокот за плати и другите надоместоци за вработените директно поврзани со производство на програма претставувал 25,22% од вкупните трошоци на телевизиите. Најмногу средства за надоместоци за вработените издвоиле ТВ Сител (72,13 милиони денари) и ТВ Алсат-М (56,66 милиони денари), а приближно исто потрошиле ТВ Телма (46,71 милиони денари) и ТВ Канал 5 (43,61 милиони денари). Најмалку за оваа намена издвоила ТВ Алфа (39,35 милиони денари).

**Табела 7: Структура на трошоците на терестријалните телевизии на државно ниво**

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 22.72 | 2.22% |
| Трошоци за набавка на програма | 329.46 | 32.15% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 66.84 | 6.52% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 258.45 | 25.22% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **677.48** | **66.46%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 34.16 | 3.33% |
| Амортизација на опремата | 66.87 | 6.53% |
| Амортизација на права и лиценци | 2.07 | 0.20% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 23.50 | 2.29% |
| Сите останати неопфатни трошоци од работењето | 215.33 | 21.01% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **1,019.42** | **99.47%** |
| Расходи од други активности | 3.86 | 0.38% |
| Вонредни расходи | 1.61 | 0.16% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **1,024.88** | **100,00%** |

Финансискиот резултат од работењето кој го оствариле терестријалните телевизии на државно ниво во 2018 година бил добивка во износ од 32,70 милиони денари. Освен ТВ Телма која работела со загуба и остварила негативен финансиски резултат од 21,48 милиони денари, останатите четири телевизии прикажале добивка, и тоа: ТВ Алфа – 29,86 милиони денари, ТВ Алсат-М – 5,36 милиони денари, ТВ Канал 5 – 0,28 милиони денари и ТВ Сител 18,68 милиони денари.

**Табела 8: Финансиски резултат од работењето на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години**

| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Алфа | -26.76 | 14.06 | -3.21 | 1.67 | 29.86 |
| ТВ Алсат-М | 0.78 | 0.10 | 4.71 | 5.85 | 5.36 |
| ТВ Канал 5 | 0.40 | -9.50 | 0.89 | 0.86 | 0.28 |
| ТВ Сител | 78.10 | 31.81 | 32.38 | 46.85 | 18.68 |
| ТВ Телма | -13.08 | -22.80 | -20.11 | -18.99 | -21.48 |

Во 2018 година, просечниот број на вработени во редовен работен однос кај овие пет телевизии бил 572 лица, што е за 40 лица помалку од претходната година. Од нив, најмногу биле вработени во ТВ Сител (141 лице) и во ТВ Канал 5 (138 лица). Бројот на вработени во ТВ Алсат-М бил 111 лица, во ТВ Телма 99 лица, а најмалку вработени имало во ТВ Алфа (83 лица).

**Слика 17: Просечен број на вработени во редовен работен однос во терестријалните телевизии на државно ниво во 2017 и 2018 година**




Во 2018 година најгледана телевизија била ТВ Сител - просечниот дневен досег[3] на оваа телевизија бил 38,85%, додека пак просечниот неделен досег[4] – 52,85%. Втор избор на испитаниците била ТВ Канал 5, со просечен дневен досег 30,84% и просечен неделен досег 45,41%.

**Слика 18: Просечен дневен досег Просечен неделен досег**




---

[3] Просечниот дневен досег е пресметан како однос помеѓу популацијата што се изјаснила дека гледала одредена телевизија во било кој период од претходниот ден и вкупната популација.

[4] Просечниот неделен досег е пресметан како однос помеѓу популацијата што се изјаснила дека гледала одредена телевизија во било кој период од претходната недела и вкупната популација.

Сателитски телевизии

На почетокот од 2018 година, програма на државно ниво преку сателит емитуваа ТВ 24 Вести, Наша ТВ, ТВ Сонце, ТВ Ситeл 3 и ТВ Канал 5 Плус. ТВ Ситeл 3 емитуваше програма само првите два месеци од годината - во февруари 2018 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неплаќање на надоместокот за дозволата во законски утврдениот рок, беше одземена дозволата на оваа телевизија[5]. Во февруари 2019 година, поради истите причини, Агенцијата ја одзема дозволата и на ТВ Канал 5 Плус[6], поради што оваа телевизија не достави податоци за своето економско работење во 2018 година, па затоа во Анализата се претставени податоците само на останатите три сателитски телевизии.

Учеството на приходите на овие три телевизии во вкупните приходи на комерцијалните телевизии во 2018 година било 6,81%.

Вкупните приходи коишто во анализираната година ги оствариле ТВ 24 Вести, Наша ТВ и ТВ Сонце изнесувале 92,40 милиони денари, што е за 43,46% повеќе од вкупните приходи кои претходната година ги оствариле заедно четирите сателитски телевизии (наведените три и ТВ Канал 5 Плус).

**Слика 19: Движење на вкупните приходи на сателитските телевизии во последните пет години**




ТВ 24 Вести остварила 96,30% од тој износ (88,98 милиони денари). Во 2018 година оваа телевизија ги зголемила приходите за 33,30 милиони денари во споредба со 2017 година. И ТВ Сонце остварила повеќе приходи отколку во претходната година, но далеку помалку отколку ТВ 24 Вести, односно само 0,72 милиони денари повеќе. Наша ТВ ги намалила приходите, и тоа за 4,01 милион денари.

---

[5] Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје УП1 бр.08-43 од 20.02.2018 година

[6] Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје УП1 бр.08-52 од 27.02.2019 година

**Слика 20: Вкупните приходи на сателитските телевизии во последните пет години**




Во структурата на приходите на овие три телевизии доминантно учество имаат приходите од продажба на времето за рекламирање (72,27%).

Речиси во целост вкупните приходи на ТВ Сонце биле од продажба на времето за рекламирање. Важно е да се посочи дека станува збор за многу ниска сума (0,99 милиони денари) – неколку регионални и локални телевизии оствариле повисоки приходи од реламирање отколку ТВ Сонце. Наша ТВ по овој основ остварила 2,36 милиони денари (97,52% од вкупните приходи), а најмногу приходи од рекламирање во 2018 година имала ТВ 24 Вести 63,43 милиони денари, што е 27 пати повеќе отколку Наша ТВ и дури 64 пати повеќе отколку ТВ Сонце.

**Слика 21: Удел на сателитските телевизии во приходите од рекламирање**




Ставката „останати приходи" на крајот од анализираната година изнесувала 22,22 милиони денари од кои 22,16 милиони денари биле на ТВ 24 Вести.

Табела 9: Структурата на приходите на сателитските телевизии

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 66.78 | 72.27% |
| Спонзорства | 0.00 | 0.00% |
| Продажба на содржини | 0.00 | 0.00% |
| Приходи обезбедени од трети страни | 0.00 | 0.00% |
| Останати приходи | 22.22 | 24.05% |
| **Приходи од основна дејност** | **89.00** | **96.32%** |
| Приходи од други дејности | 0.00 | 0.00% |
| Вонредни приходи | 3.40 | 3.68% |
| **Вкупни приходи** | **92.40** | **100.00%** |

Приход од емитувана јавна пропаганда за време на референдумот оствариле сите трите телевизии, а најмногу ТВ 24 Вести (3,33 милиони денари). ТВ Сонце остварила 0,88 милиони денари, а Наша ТВ 0,21 милион денари.

Учеството на трошоците на сателитските телевизии во вкупните трошоци на комерцијалните телевизии изнесувало 8,87%.

Средствата коишто заедно ги потрошиле сателитските телевизии изнесувале 125,85 милиони денари. Во секоја од последните пет години, највисоки трошоци прикажувала ТВ 24 Вести, која во споредба со претходната година ги зголемила трошоците за 19,52%. Најниски трошоци во анализираната година прикажала Наша ТВ (13,86 милиони денари).

Слика 22: Вкупните трошоци на сателитските телевизии во последните пет години




77,72% од трошоците биле директни трошоци за создавање на програма, кои ги опфаќаат материјалните трошоци, трошоците за набавка на програма, нематеријалните трошоци – услугите и платите и другите надоместоци за лицата директно поврзани со производство на програма.

**Табела 10: Структура на трошоците на сателитските телевизии**

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 29.60 | 23.52% |
| Трошоци за набавка на програма | 9.67 | 7.68% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 8.74 | 6.94% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 49.79 | 39.57% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **97.80** | **77.72%** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 2.30 | 1.82% |
| Амортизација на опремата | 4.49 | 3.57% |
| Амортизација на права и лиценци | 0.11 | 0.08% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 3.82 | 3.04% |
| Сите останати неопфатни трошоци од работењето | 16.82 | 13.37% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **125.34** | **99.60%** |
| Расходи од други активности | 0.13 | 0.10% |
| Вонредни расходи | 0.37 | 0.30% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **125.85** | |

Највисок трошок сателитските телевизии имале за плати и надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма (49,79 милиони денари), од кои 83,51% бил трошокот за плати на ТВ 24 Вести. Материјалните трошоци учествувале со 23,52% во структурата на трошоците на овие три телевизии. Речиси целиот трошок по овој основ (99,16%) бил исто така на ТВ 24 Вести.

Трите телевизии работеле со загуба (33,45 милиони денари), а најголема била загубата на ТВ Сонце (19,57 милион денари). ТВ 24 Вести и ТВ Сонце од 2014 година наваму, секоја година прикажувале негативен финансиски резултат.

**Табела 11: Финансиски резултат на сателитските телевизии во последните пет години**

| | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ 24 Вести | -17.10 | -17.21 | -9.61 | -20.82 | -2.44 |
| ТВ Наша ТВ | 1.85 | -9.73 | 6.87 | -7.25 | -11.44 |
| ТВ Сонце | -15.54 | -14.13 | -17.50 | -18.32 | -19.57 |

Просечниот број на вработени во редовен работен однос изнесувал 123 лица, од кои дури 102 во ТВ 24 Вести.

**Слика 23: Просечен број на вработени во редовен работен однос кај сателитските телевизии**



Најчест избор за гледачите била ТВ 24 Вести. Нејзиниот просечен дневен (12,36%) и неделен досег (17,83%) како и уделот во вкупната гледаност[7] (5,00%) се за неколку пати поголеми во однос на другите две сателитски телевизии.

Слика 24: Просечен дневен досег Просечен неделен досег




Уделот во вкупната гледаност на ТВ 24 Вести бил највисок во четвртиот квартал (5,2%), на ТВ Наша ТВ во првиот и третиот квартал (0,7%), а на ТВ Сонце во третиот квартал (0,7%).

Слика 25: Удел во вкупната гледаност на сателитските телевизии на државно ниво




[7] Уделот во вкупната гледаност е пресметан како однос помеѓу на популацијата што се изјаснила дека гледала одреден ТВ канал во било кој период од претходниот ден и вкупно наведените ТВ канали што ги гледале испитаниците во претходниот ден од територијата на Република Македонија.

## Телевизии на државно ниво преку ОЈКМ

Во текот на целата година програма на државно ниво преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа емитуваа три телевизии: ТВ Компани 21-М, ТВ Шења и ТВ Арт Чаннел (која во текот на годината се преименува во ТВ Клан). Во првите осум месеци од годината програма емиуваше и ТВ Нова[8], но поради неисполнување на минималните кадровски услови во август 2018 година Агенцијата ја одзеде дозволата на оваа телевизија. На крајот на март започна да работи 1 ТВ[9].

Вкупните приходи што во анализираната година ги оствариле ТВ Компани 21-М, ТВ Шења, ТВ Арт Чаннел и 1 ТВ изнесувале 100,45 милиони денари, што претставува 7,40% од приходите на комерцијалните телевизии.

Највисоки вкупни приходи прикажала 1ТВ (39,23 милиони денари). Од нив 33,94 милиони денари биле од рекламирање. Оваа телевизија работеше само девет месеци, во кои не успеа да стекне значаен удел во гледаноста (слика 30).

Слика 26: Вкупни приходи и приходи од рекламирање на телевизиите на државно ниво преку ОЈКМ




Главен извор на приход на сите четири телевизии бил приходот од реклами и телешопинг, кој изнесувал 78,20 милиони денари.

---

[8] Одлука за одземање на дозвола за телевизиско емитување на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје- во стечај УП1 бр. 08-431 од 30.08.2018 година

[9] Одлука за доделување на дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на државно ниво УП1 бр. 08-138 од 28.03.2018 година

**Табела 12: Структура на приходите на телевизиите на државно ниво преку ОЈКМ**

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 78.20 | 77.85% |
| Спонзорства | 0.00 | 0.00% |
| Продажба на содржини | 0.24 | 0.24% |
| Приходи обезбедени од трети страни | 0.00 | 0.00% |
| Останати приходи | 8.14 | 8.10% |
| **Приходи од основна дејност** | **86.58** | **86.19%** |
| Приходи од други дејности | 1.49 | 1.48% |
| Вонредни приходи | 12.38 | 12.32% |
| **Вкупни приходи** | **100.45** | |

Најмногу приходи од рекламирање прикажала 1 ТВ (33,94 милиони денари), а најмалку ТВ Клан (2,12 милиони денари). ТВ Компани 21-М остварила 27,03 милиони денари приходи од реклами, а ТВ Шења 15,10 милиони денари.

**Слика 27: Удел во приходите од рекламирање на телевизиите на државно ниво преку ОЈКМ**




Јавна пропаганда за време на референдумот емитувале сите четири телевизии, при што ТВ Компани 21-М остварила 5,03 милиони денари, 1 ТВ - 3,94 милиони денари, ТВ Шења - 1,04 милиони денари, а ТВ Клан – 1,38 милиони денари.

Во анализираната година трошоците на овој сегмент на телевизискиот пазар изнесувале 145,59 милиони денари, а нивното учество во вкупните трошоци на комерцијалните телевизии изнесувало 10,26%.

Најмногу средства потрошила ТВ Компани 21-М (76,58 милиони денари), а најмалку ТВ Клан (13,76 милиони денари).

За плати и други надоместоци за вработените овие четири телевизии потрошиле вкупно 61,96 милиони денари.

Највисоки трошоци за плати и други надоместоци за вработените прикажала ТВ Компани 21-М (30,48 милиони денари). Во оваа телевизија биле ангажирани вкупно 82 лица (просечниот број на вработени изнесувал 68 лица, а со договор биле ангажирани уште 14).

Во 1ТВ биле ангажирани само две лица помалку – вкупно 80, од кои 46 во редовен работен однос и 34 со авторски договори. Меѓутоа, трошоците за плати (16,64 милиони денари), биле речиси двојно пониски отколку оние на ТВ Компани-21.

Најмалку средства за платите и другите надоместоци за вработените издвоила ТВ Клан (4,58 милиони денари), но бројот на вработени бил значително помал отколку кај останатите телевизии (25 лица во редовен работен однос и само три со договор).

**Табела 13: Структура на трошоците на телевизиите на државно ниво преку ОЈКМ**

| | износ | учество |
|---|---|---|
| Материјални трошоци | 6.85 | 4.70% |
| Трошоци за набавка на програма | 8.65 | 5.94% |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 20.95 | 14.39% |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 48.86 | 33.56% |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **85.31** | 58.60% |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 13.10 | 9.00% |
| Амортизација на опремата | 27.44 | 18.85% |
| Амортизација на права и лиценци | 0.00 | 0.00% |
| Кирии и останати режиски трошоци | 9.89 | 6.79% |
| Сите останати неопфатни трошоци од работењето | 9.51 | 6.53% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **145.25** | 99.77% |
| Расходи од други активности | 0.34 | 0.23% |
| Вонредни расходи | 0.00 | 0.00% |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **145.59** | 100.00% |

Позитивен финансиски резултат оствариле 1ТВ (добивка во износ од 1,55 милиони денари) и ТВ Клан (добивка во износ од 0,66 милиони денари). Со загуба работеле ТВ Шења и ТВ Компани 21-М.

**Слика 28: Финансиски резултат на телевизиите на државно ниво преку ОЈКМ**



Просечниот број на вработени во редовен работен однос изнесувал 181 лице, од кои 68 биле вработени во ТВ Компани 21-М, 46 лица во 1ТВ, 42 лица во ТВ Шења и 25 лица во ТВ Клан.
ТВ Компани 21-М имала најголем дневен (3,67%) и неделен досег (7,34%), како и најголем удел во вкупната гледаност (1,40%).

Слика 29: Просечен дневен и неделен досег




Втор избор на гледачите била ТВ Шења со дневен досег од 2,54% и неделен досег од 5,5%.

Слика 30: Удел во вкупната гледаност на телевизиите на државно ниво преку ОЈКМ



## Телевизии на регионално ниво

На почетокот од 2018 година програма на регионално ниво емитуваа вкупно 22 телевизии. Во текот на годината престанаа да работат три регионални телевизии: ТВ Канал 3 (дозволата престана да важи по сила на закон, откако оваа телевизија достави писмена изјава дека престануваат со емитување телевизиска програма)[10], ТВ Канал еден (Агенцијата ја одзеде дозволата поради неплаќање на надоместокот за дозволата во законски утврдениот рок)[11] и ТВ Телеканал А1 (Агенцијата ја одзеде дозволата поради неисполнување на минималните кадровски услови)[12]. Во мај беше доделена една дозвола за телевизиско емитување во регионот Д7- Стогово на ТВ Телевизија 3[13]. Во февруари 2019 година, поради неплаќање на надоместокот за дозволата во законски утврдениот рок беа одземени дозволите на ТВ Скопје[14] и ТВ К три[15]. И покрај тоа што во периодот кога се прибираа податоците, дозволата беше веќе одземена, ТВ Скопје достави податоци за своето работење во 2018 година, па поради тоа во Анализата се обработени податоците и за оваа телевизија, односно за вкупно 19 телевизии на регионално ниво.

Регионалните телевизии оствариле 5,68% од вкупните приходи на комерцијалните телевизии.

Вкупните приходи на регионалните телевизии изнесувале 77,02 милиони денари, што е за 24,77% помалку отколку во 2017 година, кога бројот на телевизии на регионалниот пазар бил за една поголем.

---

[10] Решение за бришење од регистарот на ридиодифузери на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар УП1 бр. 08-5 од 05.01.2018 година

[11] Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ЕДЕН ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Велес УП1 бр.08-50 од 22.02.2018 година

[12] Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица УП1 бр. 08-131 од 29.03.2018 година

[13] Одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс на регионално ниво УП1 бр. 08-259 од 04.05.2018 година

[14] Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје УП1 бр. 08-54 од 27.02.2019 година

[15] Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво К ТРИ ДООЕЛ Куманово УП1 бр. 08-66 од 27.02.2019 година

**Слика 31: Вкупните приходи на телевизиите на регионално ниво во последните пет години**




Во споредба со претходната година, приходите се зголемиле во регионот Д4-Боскија за 7,51% и во регионот Д6-Мали Влај за 44,66%. Најголем пад на приходите имало во Д1-Велес за 78,02%, каде во претходната година програма емитуваа две телевизии, а во 2018 година само една.

И оваа година значително повисоки приходи во споредба со другите региони биле остварени во регионот Д1-Скопје (31,12 милиони денари). Најниски биле приходите во Д7-Стогово (0,02 милиони денари), но во овој регион програма емитуваше само една телевизија (ТВ Телевизија 3) и тоа само неколку месеци.

**Табела 14: Вкупни приходи и стапка на раст по региони**

| | 2017 | 2018 | стапка на раст 2018/2017 |
|---|---|---|---|
| Д1-Скопје | 40.78 | 31.12 | -23.69% |
| Д1-Велес | 10.51 | 2.31 | -78.02% |
| Д2 | 7.99 | 2.71 | -66.08% |
| Д3 | 12.12 | 10.19 | -15.92% |
| Д4 | 7.32 | 7.87 | 7.51% |
| Д5 | 7.83 | 7.04 | -10.09% |
| Д6 | 3.56 | 5.15 | 44.66% |
| Д7 | / | 0.02 | / |
| Д8 | 12.27 | 10.61 | -13.53% |

Продажбата на времето за рекламирање била единствен извор на приходи во регионот Д7 и најважен во останатите региони.

Освен во регионот Д5-Пелистер, каде учеството на приходите од реклами е 33% во вкупните приходи на тој регион, во сите останати региони нивното учество е над 50% од вкупните приходи на секој регион поодделно.

**Табела 15: Структура на вкупните приходи по радиодифузни региони**

| | Д1-Скопје | Д1-Велес | Д2 | Д3 | Д4 | Д5 | Д6 | Д7 | Д8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 25.06 | 2.08 | 1.40 | 9.67 | 7.42 | 2.32 | 3.55 | 0.02 | 9.15 |
| Спонзорства | 1.40 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.39 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.35 |
| Продажба на содржини | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 1.46 | 0.00 | 0.00 | 0.42 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од услуги обезбедени од трети страни | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 2.00 | 0.00 | 0.00 | 0.10 |
| Останати приходи | 4.41 | 0.23 | 1.31 | 0.00 | 0.07 | 1.07 | 0.07 | 0.00 | 0.13 |
| **Приходи од основна дејност** | **30.87** | **2.31** | **2.71** | **9.67** | **7.87** | **6.85** | **3.62** | **0.02** | **10.14** |
| Приходи од други дејности | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.51 | 0.00 | 0.19 | 1.52 | 0.00 | 0.47 |
| Вонредни приходи | 0.24 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| **Вкупно приходи** | **31.12** | **2.31** | **2.71** | **10.19** | **7.87** | **7.04** | **5.14** | **0.02** | **10.60** |

Највисоки приходи од рекламирање остварила ТВ Ера (14,80 милиони денари), а позначајни биле и приходите на ТВ Стар (5,99 милиони денари), ТВ Коха (5,35 милиони денари), ТВ Вис (4,80 милиони денари), ТВ МТМ (4,68 милиони денари), ТВ Ирис (3,68 милиони денари) и ТВ М (3,55 милиони денари).

Во споредба со 2017 година, во анализираната година 11 телевизии ги зголемиле, а шест ги намалиле приходите од реклами (ТВ Скопје во двете години не остварувала приходи од реклами, а ТВ Телевизија 3 од Дебар не работеше во 2017 година).

**Табела 16: Вкупни приходи, приходи од реклами и удел во гледаноста на телевизиите на регионално ниво**

| Регион | ТВ | вкупни приходи (во милиони денари) | | приходи од реклами (во милиони денари) | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2017 | 2018 | 2017 | 2018 |
| Д1 - Скопје | ТВ Амазон | 2.51 | 3.03 | 2.5 | 2.56 |
| | ТВ Едо | 2.64 | 2.4 | 2.25 | 2.3 |
| | ТВ Ера | 14.18 | 15.76 | 11.96 | 14.8 |
| | ТВ МТМ | 7.96 | 7.05 | 4.31 | 4.68 |
| | ТВ Скопје | 10.01 | 0 | 0 | 0 |
| | ТВ Шутел | 3.48 | 2.88 | 1.6 | 0.74 |
| | вкупно | **40.78** | **31.12** | **22.62** | **25.06** |
| Д1 - Велес | ТВ КТВ | 3.09 | 2.31 | 3.03 | 2.08 |
| | вкупно | **3.09** | **2.31** | **3.03** | **2.08** |
| Д2 - Страцин | ТВ Сител 2 | 2.58 | 2.71 | 2.58 | 1.4 |
| | вкупно | **2.58** | **2.71** | **2.58** | **1.4** |
| Д3 - Туртел | ТВ Ирис | 3.72 | 3.75 | 3.55 | 3.68 |
| | ТВ Стар | 8.4 | 6.44 | 8.36 | 5.99 |
| | вкупно | **12.12** | **10.19** | **11.9** | **9.67** |
| Д4 - Боскија | ТВ Вис | 4.1 | 4.87 | 3.99 | 4.8 |
| | ТВ Кобра | 3.23 | 3 | 2.01 | 2.61 |
| | вкупно | **7.33** | **7.87** | **6** | **7.42** |
| Д5 - Пелистер | ТВ Тера | 7.83 | 7.04 | 2.09 | 2.32 |
| | вкупно | **7.83** | **7.04** | **2.09** | **2.32** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Д6 - Мали Влај | ТВ М | 3.56 | 5.14 | 3.04 | 3.55 |
| | **вкупно** | **3.56** | **5.14** | **3.04** | **3.55** |
| Д7 - Стогово | Телевизија 3 | - | 0.02 | - | 0.02 |
| | **вкупно** | | **0.02** | | **0.02** |
| Д8 - Попова Шапка | ТВ Кисс | 3.58 | 2.69 | 3.58 | 2.63 |
| | ТВ Коха | 7.31 | 6.15 | 7.31 | 5.35 |
| | ТВ Ускана еден | 0.49 | 0.7 | 0.49 | 0.7 |
| | ТВ Топестрада | 0.9 | 1.07 | 0.2 | 0.47 |
| | **вкупно** | **12.28** | **10.6** | **11.58** | **9.15** |

Јавна пропаганда за време на референдумот емитувале 14 регионални телевизии. Од нив највисоки приходи остварила ТВ Тера (0,30 милиони денари).

Учеството на трошоците на регионалните телевизии во вкупните трошоци на комерцијалните телевизии изнесувало 6,39%. Во 2018 година, тие заедно потрошиле 90,70 милиони денари.

**Слика 32: Вкупни трошоци по радиодифузни региони**




Според радиодифузни региони, во анализираната година, најмногу потрошиле телевизиите од регионот Д1-Скопје (39,74 милиони денари), а најмалку средства биле потрошени во регионот Д7-Стогово (1,23 милиони денари).

Највисоки трошоци направила ТВ Ера (15,48 милиони денари), а позначајно повисоки биле и трошоците на ТВ Скопје (7,52 милиони денари), ТВ Тера (6,93 милиони денари), ТВ МТМ (6,90 милиони денари), ТВ Стар (6,33 милиони денари) и ТВ Коха (6,01 милион денари). Најмалку средства потрошила ТВ Ускана еден (0,72 милиони денари).

Средствата наменети за плати и надоместоци на вработените директно поврзани со производство на програма биле најзначаен трошок за сите регионални телевизии. За оваа намена, најмногу средства издвоила ТВ Ера (7,00 милиони денари), а најмалку ТВ Шутел (0,34 милиони денари).

**Табела 17: Структура на вкупните трошоци по радиодифузни региони**

| | Д1-Скопје | Д1-Велес | Д2 | Д3 | Д4 | Д5 | Д6 | Д7 | Д8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Материјални трошоци | 3.49 | 0.33 | 0.00 | 0.81 | 0.89 | 1.08 | 1.03 | 0.00 | 3.19 |
| Трошоци за набавка на програма | 1.52 | 0.12 | 0.00 | 0.67 | 0.10 | 0.00 | 0.31 | 0.00 | 0.00 |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 3.23 | 1.12 | 0.87 | 0.38 | 1.59 | 0.15 | 0.21 | 0.00 | 1.36 |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 16.40 | 1.25 | 0.00 | 6.60 | 3.48 | 2.70 | 2.30 | 1.16 | 4.50 |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **24.65** | **2.82** | **0.87** | **8.46** | **6.06** | **3.93** | **3.84** | **1.16** | **9.05** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 0.00 | 0.00 | 2.08 | 0.00 | 0.49 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Амортизација на опремата | 3.17 | 0.00 | 0.00 | 0.40 | 0.23 | 0.97 | 0.32 | 0.00 | 0.43 |
